**20151213620**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со член 36 став (7) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2014, 188/2014 и 44/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 9 јули 2015 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛАГАЊЕТО НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

## I.Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на полагање на стручниот испит за вршење на стручен надзор (во натамошниот текст: стручниот испит) кој треба да го полагаат вработените во стручната служба на Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: Агенција) кои согласно актот за ситематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата имаат надлежност да вршат стручен надзор согласно Законот за електронските комуникации.

Член 2

(1) Стручниот испит го спроведува Комисија за спроведување на стручен испит (во натамошниот текст: Комисија), формирана од Директорот на Агенцијата.

(2) Членовите на Комисијата од стручната служба на Агенцијата, треба да бидат од редот на раководни административни службеници и тоа од нивоата Б1 и Б2 согласно актот за ситематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата.

(3) Комисијата може да има и секретар кој ке биде административната поддршка на Комисијата.

## II.Начин на полагање на стручен испит

Член 3

Денот, месецот и часот на одржување на стручниот испит се објавува на огласната табла на Агенцијата, веб страната на Агенцијата и преку маил директно на лицата кои ќе го полагаат стручниот испит.

Член 4

Стручниот испит се спроведува во два дела и тоа: писмено и усно.

Член 5

На писмениот дел од стручниот испит можат да присуствуваат само претседателот, членовите и секретарот на Комисијата и кандидатите што полагаат.

Член 6

(1) Писмениот дел од стручниот испит претставува тест составен од прашања, со избор на еден од повеќе понудени одговори.

(2) Кандидатот кој во определеното време не го изработил тестот го предава на Комисијата во состојба во која го изработил.

(3) Времетраењето за полагање на писмениот дел на стручниот испит изнесува 90 минути.

(4) Писмениот дел на стручниот испит се смета за положен, доколку кандидатот освои минимум 70% од максималниот број на бодови.

Член 7

(1) Пред да се премине на усниот дел од стручниот испит, членовите на Комисијата ги прегледуваат писмените задачи и ги оценуваат со оценка “положил“ или “не положил“.

(2) Писмениот дел од стручниот испит е елиминаторен.

(3) Кандидатот кој на писмената задача е оценет со “не положил“ не може да го полага усниот дел од стручниот испит.

Член 8

(1) Усниот дел од стручниот испит се полага најдоцна пет дена од денот на одржување на писмениот испит.

(2) Испитувањето на кандидатот може да трае најмногу 45 минути.

(3) На усниот дел од испитот може да присуствуваат само претседателот, членовите, секретарот на Комисијата и кандидатите што полагаат.

(4) Ако некое од присутните лица на стручниот испит го нарушува редот и дисциплината, тоа може да биде и отстрането.

Член 9

(1) Усниот дел од стручниот испит се состои од одговарање на поставени прашања од Програмата за полагање на стручен испит.

(2) Усниот дел на стручниот испит се смета за положен, доколку кандидатот одговори на минимум 70% од поставените прашања.

(3) Кандидатот кој нема да го положи усниот дел од стручниот испит се смета дека целосно не го положил стручниот испит.

Член 10

(1) Кандидатот кој нема да дојде во определениот ден да го полага стручниот испитили ќе дојде а од оправдани причини нема да го полага, се смета дека стручниот испит не го полагал.

(2) Кандидатот кој го започнал полагањето на стручниот испит, ја примил писмена задача или прашања од усниот дел од стручниот испит и без оправдани причини се откаже, се смета дека стручниот испит не го положил.

Член 11

(1) Полагањето на стручен испит може да се одложи од оправдани причини (болест, несреќа, смртен случај или др.) поради кои е спречен да го продолжи полагањето на стручниот испит.

(2) Молбата за продолжување на одложениот стручен испит се поднесува најдоцна до осум дена од денот кога кандидатот требало да полага.

(3) За продолжување на стручниот испит одлучува Комисијата со решение.

(4) Приговор против решението на Комисијата со кое се одбива молбата за продолжување на стручниот испит се поднесува до директорот на Агенцијата.

(5) По одобреното продолжување на стручниот испит, кандидатот не го полага оној дел од испитот што го полагал до одлагањето.

Член 12

Кандидатот кој не го положил стручниот испит, може повторно целосно да го полага по истекот на шест месеци од денот на последното полагање.

Член 13

(1) За време на стручниот испит секретарот на Комисијата води записник за секој кандидат поодделно и тоа посебен записник за писмениот и посебен за усниот дел од стручниот испит

(2) Во записникот се внесува: датумот и местото на полагање, личните податоци на кандидатот, составот на Комисијата, времето на започнување и завршување на стручниот испит, испитните прашања и оценката за стручниот испит.

(3) Кон записникот се приложува и писмената задача на кандидатот.

(4) Записникот го потпишуваат претседателот, членовите и секретарот на Комисијата.

Член 14

(1) По завршување на стручниот испит, претседателот на Комисијата веднаш им го соопштува резултатот од испитот на кандидатите, а ако тоа не е можно, најдоцна до три дена од денот на завршување на стручниот испит.

(2) Кандидатите кои го положиле стручниот испит добиваат потврда за положен стручен испит, потпишана од претседателот на Комисијата.

(3) Потврдата за положен стручен испит треба да ги содржи следните елементи:

- име и презиме
- датум и место на раѓање,
- степен на образование
- датум кога е положен стручниот испит,
- област за вршење на стручен надзор,
- број и датум на издавање на потврдата,
- место за печат и потпис.

**III. Програма за полагање на стручен испит**

Член 15

Стручниот испит се полага согласно Програмата за полагање на стручен испит, која е дадена во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 16

(1) Програмата за полагање на стручен испит ја сочинуваат прашања од следните области:

- Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него;
- Закон за општата управна постапка;
- Закон за прекршочна постапка;
- Закон за заштита на личните податоци и
- Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(2) Прашањата за стручниот испит ги составува Комисијата за полагање на стручен испит, согласно Програмата за полагање на стручен испит од ставот (1) на овој член, а притоа треба да се имаат предвид надлежностите на секторот односно одделението за кои што се врши стручниот надзор.

## IV. Начин на водење и евиденција на спроведените стручни испити од страна на Комисијата

Член 17

За спроведените стручни испити Комисијата води евиденција во посебен регистар.

Евиденцијата треба да содржи податоци за секој кандидат кој полагал стручен испит и тоа:

- име и презиме на кандидатот кој полага стручен испит,
- адреса на живеалиште по л.к
- единствен матичен број на граѓанинот,
- датум на спроведување на стручниот испит,
- оценка од спроведениот стручен испит,
- број и датум на издадена потврда за положен стручен испит за вршење на стручен надзор.

## V.Завршни одредби

Член 18

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 0201-1187/3
9 јули 2015 година
Скопје

Директор,
**Роберт Ордановски,** с.р.

---

ПРИЛОГ 1

ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ

1.Закон за електронски комуникации (Сл.весник на РМ број 39/2014 и број 188/2014)

2. Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за електронските комуникации

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Име на подзаконскиот акт** | **Објавен во Сл.весник (број)** | **Дата** |
| 1. | Правилник за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства | 106 | 14.07.2014 |
| 2. | Правилник за интерперабилност на дигитална тв.опрема што се користи од потрошувачите | 140 | 22.09.2014 |
| 3. | Правилник за начинот на полагање на радиоаматерски испит,радиоаматерски класи,технички параметри,и други услови за употреба на радиоаматерски станици и опрема | 180 | 05.12.2014 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Програма за полагање на радиоаматерски испит | 180 | 05.12.2014 |
| 5. | Правилник за форма и содржина на барањето за издавање на одобрение за користење на радиофреквенции и потребна документација | 173 | 24.11.2014 |
| 6. | Правилник во форма и содржина за согласност за пуштање на пазар и ставање во употреба радио опрема која користи радиофреквенциски опсези што не се хармонизирани на ниво на ЕУ | 173 | 22.10.2014 |
| 7. | Правилник за интерперабилност на дигитални ТВ услуги | 171 | 22.10.2014 |
| 8. | План за намена на радиофреквенциски опсези на РМ | | |
| 9. | Правилник за радиофреквенции кои можат да се користат без одобрение за користење на радиофреквенции | 161 | 03.11.2015 |
| 10. | Правилник за начинот на пресметка на год.надоместок за користење на радиофреквенции | 161 | 03.11.2014 |
| 11. | Правилник за начинот на пресметка на год. Надоместок за користење на доделени броеви и/или серии на броеви | 161 | 03.11.2014 |
| 12. | Правилник за начинот на пресметување на год.надоместок за надзор на пазарот | 161 | 03.11.2014 |
| 13. | Правилник за обезбедување на бистрим пристап и предпродажба на бистрим услуги | 190 | 23.12.2014 |
| 14. | Правилник за утврдување на формата и содржината на барањето за доделување на броеви и серии на броеви,податоци што се приложуваат кон барањето како и начинот и постапката за доделување на броеви и серии на броеви од планот за нумерација | 190 | 23.12.2014 |
| 15. | Правилник за параметрите за квалитет на јавнита електронски комуникациски услуги,начинот и постапките за вршење на контрола на мерење содржина и форма и начинот на објавување на информации во врска со квалитетот на електронски комуникациски услуги | 185 | 16.12.2014 |
| 16. | Правилник за обезбедување на услугите опфатени со универзална услуга | 185 | 16.12.2014 |
| 17. | План за нумерација | 185 | 16.12.2014 |
| 18. | Правилник за содржината и формата на нотификацијата,потребната документација и потврдата за регистрација | 138 | 17.09.2014 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19. | План за доделување и користење на радиофреквенции во РМ | 2 | 2015 |
| 20. | Правилник за начинот на водење на посебно сметководство при интерконекција или пристап | 2 | 08.01.2015 |
| 21. | Правилник за обезбедување на безбедност и интегритет на јавните електронски комуникацисkи мрежи и услуги и активности кои што операторите треба да ги преземат при нарушување на безбедноста на личните податоци | 9 | 21.01.2015 |
| 22. | Правилник за видот и содржината на податоците кои ги објавуваат операторите и агенцијата за услугите што се обезбедуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи | 16 | 2015 |
| 23. | Правилник за преносливост на броеви | 27 | 2015 |
| 24. | Правилник за ниво на деталност на информациите кои што ќе бидат објавени во референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка и начинот на нивното објавување | 27 | 2015 |
| 25. | Упатство за начинот на контрола на малопродажните цени на операторот со значителна пазарна моќ | Објавено на веб страна на АЕК | |
| 26. | Статут на Агенцијата за електронски комуникации | Објавено на веб страна на АЕК | |
| 27. | Правилникот за содржината на информациите што треба да бидат објавени во референтната понуда за интерконекција | 42 | 2015 |
| 28. | Правилник за пристап и користење на специфични мрежни средства | 42 | 2015 |
| 29. | Правилник за начинот за спроведување на посредувањето на АЕК | 42 | 2015 |
| 30. | Одлука за утврдување на максималните цени на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи | 42 | 2015 |
| 31. | Одлука за утврдување на коефициентот К, за пресметка на висината на роцентуалниот износ од вкупниот приход на операторите..., заради определување на годишен надоместок за надзор на пазарот за 2015 година | 42 | 2015 |
| 32. | Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции за 2015 година | 42 | 2015 |
| 33. | Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на броеви и серии на броеви за 2015 година | 42 | 2015 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34. | Одлука за поништување на Планот за намена на радиофреквенциите во РМ | 30 | 2015 |
| 35. | Заклучок за исправка на одлука | 52 | 2015 |

3. Закон за прекршоци (Службен весник на РМ број 32/2007 и 51/2011)
- Постапка за порамнување и посредување (член 46-52)
- Прекршочна постапка (член 53-58)
- Прекршочна постапка пред прекршочен орган (член 59-66)
- Судска заштита(член 67-69)
- Судска постапка (Член 70-79)
- Барање за прекршочна постапка (член 80-87)

4.Закон за општа управна постапка (Службен весник на РМ број 38/2005, 110/2008, 51/2011)

5.Закон за заштита на личните податоци (Службен весник на РМ број 7/2005, 103/2008, 124/2010,135/2011 и 43/2014)

6. Закон за медиуми (Службен весник на РМ број 184/2013 и 13/2014)